# Р Е Ц Е Н З И Ј А

## НА РАКОПИСОТ „СОВРЕМЕНО ПРЕТПРИЕМНИШТВО“ - СКРИПТА ОД Д-Р МАРИЈА МАГДИНЧЕВА-ШОПОВА

Врз основа на одредбите од Статутот и Правилникот за единствените основи за остварување на издавачка дејност на Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип, како и врз основа на Одлуката број 2102-506/12 донесена на 178. редовна седница на Наставно-научниот совет, одржана на 1.11.2017 година, на Факултетот за туризам и бизнис логистика при Универзитет „Гоце Делчев” -Штип избрани сме за рецензенти за подготвување на извештај - рецензија на ракописот со наслов „Современо претприемништво“ - скрипта од авторката доц. д-р Марија Магдинчева-Шопова, наменет за студентите на прв циклус студии на Факултетот за туризам и бизнис логистика при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип. По прегледувањето на ракописот до Наставно-научниот совет Факултетот за туризам и бизнис логистика при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип го поднесуваме следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

***Општи податоци за ракописот***: Ракописот за скрипта со наслов „Современо претприемништво“ е подготвен според стандардната методологија за изработка на ракописи во согласност со Правилникот за единствените основи за остварување на издавачка дејност на Универзитет „Гоце Делчев” - Штип. Обемот и содржината на ракописот ги задоволуваат критериумите и одредбите за бројот на часови според горенаведениот Правилник. Од содржински аспект, материјалот во овој ракопис е поделен на 10 (десет) тематски поглавја кои се предвидени за обработување на предавањата на студентите по предметот Претприемништво и истиот содржи основни и актуелни содржини од областа на претприемништвото. Ракописот е наменет за студентите на Факултетот за туризам и бизнис логистика при Универзитет „Гоце Делчев” - Штип на оние насоки кои според наставната програма го слушаат предметот Претприемништво. Во согласност со Наставната програма, предметот Претприемништво како задолжителен предмет се слуша на насоките Бизнис логистика и Бизнис администрација во прв семестар во Гевгелија и во Скопје и изборен предмет на насоките Туризам, Хотелско-ресторанска насока и Гастрономија, исхрана и диететика во Скопје и во Штип.

**Податоци за обем на ракописот**: Ракописот „Современо претприемништво” – скрипта е напишан на 135 страници кои се систематизирани во 10 (десет) тематски единици. Ракописот е пишуван во согласност со Упатството за техничко уредување на учебници и учебни помагала во електронска форма, односно во А4 формат, со нормален проред, со големина на буквите 11, со употреба на фонтот ариал.

**Податоци за постоење на ист или сличен наслов**: Ракописот насловен „Современо претприемништво” – скрипта содржи квалитетни теоретски и практични содржини кои ќе им бидат од голема помош на студентите во учењето и совладувањето на наставните содржини по предметот Претприемништво. Важноста и значењето на ракописот за скрипта „Современо претприемништво” произлегува од фактот што ваков вид да ракопис за првпат се објавува на Факултетот за туризам и бизнис логистика при Универзитет „Гоце Делчев” - Штип.

**Краток опис на содржината**: Со цел на полесен начин и да се олесни пристапот во учењето и совладувањето на наставната содржина на предметот Претприемништво, тематските единици во овој ракопис се креирани да им овозможат на студентите да го стекнат потребното теоретско знаење од областа на претприемништвото. Содржината на секоја тематска единица од скриптата „Современо претприемништво“ е креирана во согласност со наставната програма на предметот Претприемништво. Реалниот пристап во креирањето на тематските единици ги оспособува студентите за откривање на соодветни решенија, како и збогатување на нивните знаења и способности во имплементирање на поволни услови и политики за бизнис развој.

Содржината на ракописот за скриптата „Современо претприемништво" се состои од следните десет поглавја:

Глава 1 – Претприемништво - основи и развој
Глава 2 - Општи услови за започнување со претприемничка активност
Глава 3 - Бизнис план
Глава 4 - Основање на ново претпријатие
Глава 5 - Купување на постојно претпријатие
Глава 6 - Фамилијарен бизнис
Глава 7 – Франшиза - изнајмување на бизнис
Глава 8 - Е-претприемнички бизниси
Глава 9 - Современи форми на претприемништвото
Глава 10 - Концепт на социјално претпримништво - примери од добри практики

Во првата тематска единица - Глава 1, која е насловена како *Претприемништво - основи и развој* е даден приказ на основите на претприемништвото, различните пристапи во дефинирањето и развојот на претприемништвото. Улогата и значењето на претприемништвото дополнително е истакната преку објаснување на поврзаноста на претпримништвото и малите претпријатија.

Во втората тематска единица - Глава 2 - *Општи услови за започнување со претприемничка активност* е даден приказ на потребата од задоволување на одредени општи услови за започнување со претприемничка активност, причините за започнување претпримничка активнст, како и истакнување на потребата од воведување на соодветни стручни програми за обука и едукација на претприемачите.

Третата тематска единица - Глава 3, насловена како *Бизнис план* ги содржи сите аспекти кои се поврани со изработка на бизнис план, почнувајќи од потребата за изработка на бизнис план, комплетна содржина на бизнис планот, можните грешки при изработака на истиот, како и потребата од почитување на основните принципи при изработка на бизнис планот.

Четвртата тематска единица - Глава 4 која е со наслов *Основање на ново претпријатие* од содржински аспект ја разработува организациската форма основање на ново претпријатие. Во почетокот од ова поглавје, е објаснета постапката на изработка на физибилити студија за основање на ново претпријатие и договорот за основање на ново претпријатие. Во овој дел е даден приказ на релевантната законска регулатива во Република Македонија за основање и работење на претпријатијата, како и специфичните карактеристики на оваа организациска форма.

Петтата тематска единица - Глава 5 насловена како *Купување на постојно претпријатие* од содржински аспект се состои од објаснување на сите аспекти кои се поврзани со организациската форма купување на постојно претпријатие. Во овој дел е даден приказ на процесот на купување на постојно претпријатие, оценувањето на постоечниот бизнис, како и позитивните и негативните карактеристики на оваа организациска форма.

Шестото поглавје - Глава 6 која е со наслов *Фамилијарен бизнис* од содржински аспект ги објаснува сите аспектите на фамилијарниот бизнис, почнувајќи од поимно определување и дефинирање на фамилијарниот бизнис, видовите фамилијарен бизнис и менаџирањето со фамилијарни претпријатија. Посебен дел во ова поглавје е посветен на наследувањето на фамилијарниот бизнис, како и процесот на наследување на истиот.

Седмото поглавје - Глава 7 е со наслов *Франшиза - изнајмување на бизнис* каде што се објаснуваат основните аспекти на франшизата како еден од можните начини за започнување со бизнис. Во овој дел се објаснети различните форми на договор за франшиза, како и правата и обврските на учесниците - субјекти во договорот за франшиза.

Осмото поглавје - Глава 8 е со наслов *Е-претприемнички бизниси* каде што е разработен концептот на е-претприемнички бизниси и е-претприемач, нивните карактеристики, предизвиците со кои се соочува овој вид на бизнис, како и можностите и ограничувањата. Посебен дел од ова тематско поглавје е посветен на прикажување на предностите и слабостите на е-претприемничките бизниси со цел стекнување на основните знаења за овој вид бизнис.

Деветтото поглавје - Глава 9 е со наслов *Современи форми на претприемништвото* и ги објаснува тематските содржини поврзани со современото претприемништво, корпоративното претприемништво, како и предизвиците со кои се соочува социјалниот концепт на претпримништвото. Согледувањето на суштината на современиот концепт на претприемништво е направено преку споредба на традиционалниот концепт на претприемништво и социјалниот концепт.

Во десеттото поглавје - Глава 10 е даден приказ на успешни примери од пракса на социјални претпријатија. Студиите на случај се посебно корисни и значајни во процесот на совладување на наставната содржина по предметот Претприемништво.

## З А К Л У Ч О К

Од аспект на рецензенти на овој ракопис, цениме дека ракописот за скрипта „Современо претприемништво" е напишан на соодветен разбирлив начин не само за студентите, туку и за сите субјекти кои имаат потреба од истиот. Ракописот ќе им биде од корист на сите носители на деловна активност-претприемачи, како и на останатите вработени и носители на деловни политики. Ракописот е пишуван на македонски јазик и истиот може да се користи од страна на сите единици и субјекти на Универзитетот „Гоце Делчев" - Штип. Од содржински аспект и од аспект на обемност, овој ракопис ги задоволува барањата предвидени со Правилникот за единствените основи за остварување на издавачка дејност на Универзитет „Гоце Делчев" – Штип, како и критериумите и одредбите за бројот на часови според горенаведениот Правилник. Врз основа на горекажаното може да се заклучи дека овој ракопис придонесува за проширување и надополнување на наставната содржина, а сето тоа во согласност со студиската програма и наставните програми за студентите на насоките Бизнис администрација и Бизнис логистика, кои го слушаат предметот Претприемништво како задолжителен предмет и за студентите од насоките Туризам, Хотелско-ресторанска насока и Гастрономија, исхрана и диететика кои го слушаат предметот Претприемништво како изборен предмет.

Врз основа на гореискажаното, на Наставно-научниот совет на Факултетот за туризам и бизнис логистика при Универзитет „Гоце Делчев" - Штип со задоволство му предлагаме ракописот „Современо претприемништво" од д-р Марија Магдинчева-Шопова да биде прифатен како скрипта.

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Д-р Кирил Постолов, редовен професор, Економски факултет,**
**Универзитет „Св. Кирил и Методиј" – Скопје, с.р.**
**Д-р Мичо Апостолов, вонреден професор,**
**Факултет за туризам и бизнис логистика,**
**Универзитет „Гоце Делчев" – Штип, с.р.**